

ПАТРИМОНИУМ.МК, година 17, број 22 / 2024
UDK 726:271.2-523.4(497.711)-9"1727/1890"
UDK 75.052:271.2-523.4(497.711)"1727/1890"

Снешка ЛАКАЛИСКА

# ЦРКВА СВ. ВМЧ. ДИМИТРИЈА ВО СКОПЈЕ ОД 1727-1890 ГОДИНА

***Клучни зборови:*** *Црква Св. воин и великомаченик Димитрија во Скопје, икони, зографи- јереј Петар, браќата Вангел, Никола и Коста Атанасови од Крушево, Јаков Мауровски од Галичник, Крсте Поп Трајанович од Велес, Хаџи Косте/Костадин Крстев од Велес, Никола Михајлов од Крушево, Димитрија Крстевич - Дичо зограф од Тресонче, Јосиф Радев Мажовски од Лазарополе.*

***Апстракт:*** *Црква посветена на Св. Великомаченик и воин Димитрија во Скопје, била изградена на левиот брег на реката Вардар, во близината на Камениот мост, до некогашното Еврејско маало, во непосредна близина на влезот во Старата Скопска чаршија. На нејзината источна страна се наоѓала средновековната монетоковница и Даут Пашини амам. За првпат се споменува речиси по 40-сет години по опожарувањето на градот по Австро-турската војна. Во црковната историја на градот Скопје, старата црква Св. Димитрија има значајно место. Имено, оваа црква била катедра на Скопската митрополија. Во таа улога била цел еден век под Пеќската и Константинополската патријаршија од 1727 до 1835 година. Таа е урната во 1890 година, а на истото место во 1896 година е изградена денешната црква во која е сочуван целокупниот фонд икони од старата црква од втората половина на XVIII век и до 90-те години на XIX век.*

Градење нова црква во времето на османлиската доминација според нивните закони било возможно само на подрачје на кое не живееле муслимани или ако локацијата на црквата не се наоѓала помеѓу две џамии. Оттука старата црква, односно првата црква посветена на светиот воин и великомаченик Димитрија, била изградена до еврејското маало во Скопје. Согласно времето кога е подигната, била со скромни архитектонски остварувања. Ктиторството било колективно, со учество на целокупното православно христијанско население. За нејзиниот изглед немаме никакви информации. Единствено француският патописец Ами Буе кој поминал во овие краишта во 1836/38 година, известува дека „православните христијани имаат нова и голема црква, а другите две се помали и постари од кои едната е посветена на маченикот Димитрија"[1]. Црквите кои биле градени во период кога е изградена црквата Св. Димитрија, биле едноставни еднобродни градби со мали димензии, со полукружна олтарна апсида на источната страна. Техниката на ѕидањето била примитивна од обработен или полуобработен камен и без никаков украс на фасадата. Портите биле со мали димензии, над нив задолжително се наоѓала плитка ниша. Покривите двосливни од керамиди или камени плочи со полукружен свод[2].

Авторот Ј. Хаџи Васиљевиќ (1935 г.) забележал и една скопска легенда во врска со градењето на црквата Св. Димитрија. Според легендата, „црквата се наоѓала на местото каде Даут Паша изградил амам. На денот на отворањето на амамот се појавиле мноштво змии. Една змија ја каснала ќерката на пашата". Факт е дека немилиот настан е со трагичен крај, по што никогаш не профункционирал амамот. Скопјани дообјасниле и дека „змиите излегле затоа што амамот е изграден врз темели на средновековна црква". Затоа Даут Паша им дозволил на христијаните во непосредна близина на амамот да подигнат нова црква посветена на Св. Димитрија. На историската сцена најраните пишувани извори за црквата

[1] Љ. Монев, *Скопје во записите на францускиte патници* (1800 - 1912), Огледало, Скопје 1991,184, 185; А. Матовски, *Македонија во делата на странските патописци (1827 - 1849*), Скопје, 1992, 220.

[2] К. Балабанов, *Македонија под турска власт (од XIV до крајот на XVIII век),* Историја на македонскиот народ, том втори, Институт за национална историја, Скопје 1998, 470-471. Најеклатантен пример на црковна архитектура од средината на XVI век е црквата Св. Ѓорги во с. Бањани, Скопско (1549 г.) М. Шупут, *Српска архитектура у доба турске власти 1459-1690*, САНУ одд.истор, наука, ФФ Београд, Институт за историју уметности, Београд 1984, 88-89..

Св. Димитрија, прецизно датирани потекнуваат од третата до деветтата деценија на XVIII век. Првиот пишуван извор го наоѓаме во подареното Евангелие на црквата Св. Димитрија, како катедрален храм со потписот на Пеќскиот патријарх Арсениј IV Јовановиќ од 1727 г. Евангелието е дарувано во времето на скопскиот митрополит Кирил „во лето господово 1727 г. месец јули, 22 ден". Авторот Јован Хаџи Васиљевиќ буквално го пренесува натписот на евангелието под арабеската на црковнословенски јазик:(† **Сїє с(ве)тоє бл(а)говѣстїє, си речъ нови завѣть г(о)с(по)да нашега іс҃ христа мнє смѣренаго Арсенїа по имен8 четвртаго па-трїарха Срьблємь и Бльгарωмь и васго ллирика. И приложи єгω митрωпωлїи скопскои храм8 с(ве)тагω вѣликом8ченика х(ристо)ва Димитрїа за свои вѣчни спомень, при митрωпωлит8 скопском8 г(о)сподин8 Кїрїил8. И посла се чрезь р8к8 єпитрωпа архиєписк8пїє србьскїє пек҃ кѷрь. Мосива. Вь лето г(о)с(под)нїє, аѱк҃.з҃.**(1727 г.) **м(є)с(є)ца їюлїа к҃в д҃нъ.**).[3] Црквата св. Димитрија како катедра на Скопската митрополија во рамките на Пеќската патријаршија опстојувала од 1727 до нејзиното укинување во 1766 година, а како катедра на Скопската митрополија до 1835 година под Вселенската патријаршија.[4]

Други пишувани извори кои сведочат за старата црква, исто така потекнуваат од XVIII век. Авторот Мирко Ф. Јовановиќ во 1935 година, регистрирајќи го целокупниот фонд црковни предмети на новата катедрална црква Св. Богородица во Скопје, истакнува дека две кандила ѝ припаѓале на црквата Св. Димитрија. Најверојатно со пренесувањето на катедралното седиште биле пренесени и митрополитските црковни предмети. На едното кандило на грчки јазик било запишано името на дародавецот притропот Стефан од црквата Св. Димитриј од 1744 година. (**СТАВР СТЕФАН ИПІТРОПОС ТѮ АГІѮ ДІМІТРІѮ ГІОВОПІТРОПОС ЕТОС 1744**).[5] На второто кандило биле запишани имињата на дародавецот притроп аџи Павле и Никола Кавтанџи од скопскиот храм Св. Димитриј - 1764 година (**СЇА КАДИЛЪ НАПРАВИ ПРИТРОПЪ АХИ ПАВЛЄ И НИКОЛА КАВЪТАНХІ ВЪ ХРАМЪ СВЄТОГО ДІМІТРІА** 1764).[6] Во црквата Св. Богородица е регистриран и еден дискос од 1811 година кој бил дел од богослужбените предмети во соборниот храм Св. Димитрија. Донаторот на дискос бил хаџи Јоргаки син Хаџи Јанакиев. Натписот го изведол казанџијата Димиш: **Сиѧ дискосъ скопскіи приложи хахи- Иωргакиѧ, хахи Ѧнакиєωвъ синъ, на свети Димитриѧ 8 церковъ єгω месеца авг8ста денъ 25. 8писа Димиш казанхи въ лето 1811 г.**[7] Овој натпис ги откриваат имињата на таткото хаџи Јанаки и синот хаџи Јоргаки кои биле занаетчии и членови на ќурчиско-кожуварскиот еснаф во Скопје.[8] Впрочем најголеми подржувачи на црквите и спомагатели во тоа време биле еснафските здруженија во градот.[9] За тоа сведочи натписот на

---

[3] Ј. Хаџи-Васиљевић, *Скопље и његова околина*, Скопље, 1935, 144. Авторот изнесува податок дека во 1869 година во време кога Егзархистите ги собирале ракописните книги под олтарот на старата црква, ова Евангелие било однесено од свештеник во неговиот дом во с. Бразда. Евангелието било чувано во домот на семејството Пајкови од свештеникот Никола.

[4] Ђ.М. Слијепчевић, *Укидање пећке патријаршије 1766,* Богословље, Београд 1934, 277. Во бератот за укинувањето на Пеќската патријаршија е запишано дека: до укинувањето на истата дошло по личното барање заради кое дошле во престолнината и поднесле молба со печат Пеќската патријаршија да се присоедини кон Цариградската патријаршија, патријархот Калиник и митрополитите нишки Гаврил, скопски Константин, босански Серафим, ужички Митрофан, белградски Јеремија, самоковски Неофит и ќустендилски Гаврил. Р. М., Грујић, *Скопска митрополија,* 229. Скопскиот митрополит Константин II кој се потпишал за укинување на Пеќската патријаршија бил по националност грк исто како и пеќскиот патријарх Калиник II.

[5] М.Ф. Јовановић, *Православна саборна црква Свете Богородице у Скопљу* (Архитектура-Декорација -Иконографија), Споменица православног саборног храма света Богородице у Скопљу 1835-1935, Скопље, 1935, 421.

[6] М.Ф. Јовановић, *Православна саборна црква Свете Богородице у Скопљу,* 421.

[7] Љ. Стојановић, *Стари српски записи и натписи*, књ. VI, САНУ, фототипско издание, књ.13, Београд 1988, 154, бр. 10436. Й. Иванов, *Български старини из Македония*, БАН, фототипско издание, София 1970, 112, 113. Иако натпис на големиот дискос за нафора открива дека дискосот како и кандилото погоре биле приложени на скопската црква Св. Димитриј, подоцна истите биле дел од литургиските предмети во соборниот храм Св. Богородица, Скопје, регистрирани од М.Ф. Јовановиќ, *цит.труд,* 422; Ј. Хаџи-Васиљевић, *Скопље и његова околина*, Скопље, 1935,143.

[8] В. Кличкова, *Ќурчиско кожуварки занает и еснаф во Скопје,* Скопје 1959, 70. *Ќурчиско тефтер,* Музеј на град Скопје, Збирка стари книги и ракописи инв. бр. 744/И. Во списокот на ќефалиството на мајсторите ќурчии од 1811 година на 24 февруари, а на страна 166 на тефтерот на ќурчиско-кожуварскиот еснаф во Скопје, се забележани повеќе аџии кои меѓу себе си биле ќефали (тур. - гаранти, жиранти). Ќурчиите: хаџи Синадин, хаџи Атанас, хаџи Јоргаки, на страница 227 погоре спомнавме дека овој Тефтер бил во употреба цели 200 години, од 1740-1933 година. Името на хаџи Јанаки на истиот список се чита во 1781 на страница 121. Во годините 1803, 1809, 1811 година од 156-168 страна се чита името на хаџи Јоргаки.

[9] Ј. Јанев, *Историските и социјално-економските аспекти на еснафската организација во Македонија*

иконата посветена на пророкот Данил, финансирана од сапунџискиот еснаф во 1785 година, што ѝ припаѓала на старата црква Св. Димитрија. Секако и натписот на уште една икона „Неверувањето на апостол Тома", која била финансирана од мутафчискиот еснаф од крај на XVIII и почеток на XIX век, денес сместена во крстилницата на црквата.

Изборот на патронот на црквата се должи на големата популарност на култот на светиот воин во Источнохристијанската црква од XVII–XIX век.[10] Источната Црква ја слави неговата памет како великомаченик, мироточец и чудотворец солунски и го слави на 26 октомври односно на 8 ноември. Негови војнички и маченички атрибути се: копје, штит, крст во рака, сликан во цел раст или допојасно. Во доцниот среден век за време на Османлиската доминација, популарноста на светите воини расте, така што во ликовната иконографија на светителот доаѓаат до израз неговите постхумни чуда, а не маченичката смрт заради која бил канонизиран.[11] Се слика на црвен коњ, а најпопуларни се претставите во улога на бранител против антихристот или безбожникот (цар Калојан) и како ослободувач на епископот Кипријан од робство.[12]

Црквата Св. Димитрија во Скопје поседува огромен фонд икони кои ѝ припаѓале на старата мала црква, од чија целина можеме да направиме преглед на целокупниот развој на иконописот во Македонија од крајот на XVIII и низ целиот XIX век. Денес иконите од старата црква се сместени во јужниот *параклис* на излезот на денешната црква Св. Димитрија и во обновената *крстилница*. Овој фонд го сочинуваат икони почнувајќи со дела од зографите на „Охридската пробарокна група" и голем број непознати и познати зографи кои со своето творештво ја обележиле македонската национална преродба во сликарството. Од познатите дебарско-мијачки, крушевски, велешки тајфи кои твореле во Скопје и неговата околина во старата црква Св. Димитрија се сочувани многубројни дела од: јереј Петар, браќата Вангел, Никола и Коста Атанасови од Крушево, Јаков Мауровски од Галичник, Крсте Поп Трајанович од Велес, Хаџи Косте/Костадин Крстев од Велес, Никола Михајлов од Крушево, Димитрија Крстевич - Дичо зограф од Тресонче, Јосиф Радев Мажовски од Лазарополе.

Голем број икони биле донирани од еснафски здруженија и поединци донатори за здравје и просперитет. Фондот е збогатен и со донирање на икони од две други значајни православни средишта со кои граѓаните на Скопје одржувале трговски и културни врски, Палестина и Царска Русија.

Четири икони од старата црква се атрибуираат на „Охридска пробарокна група" која твори во втората половина на XVIII век. Имено, икона посветена на патронот на храмот Св. Димитрија на коњ, Пророкот Данил со сцени од неговото житие, сместени во јужниот параклис и иконите Крштевање и Вознесение Христово, со помал формат сместени на иконостасот во крстилницата.[13]

Иконата посветена на патронот на црквата, *Св. Димитриј го ослободува епископот Кипријан од ропство* (**сл.1**) е сликана во техника темпера на штица.[14] Светителот е претставен во полна воена опрема со куса црвена војничка кошула, кожен панцир, зелена развиорена наметка. Св. Димитрија јава на црвен коњ држејќи ја уздата со левата рака, во десната држи копје, кое во христијанската традиција го симболизира мачеништвото Христово при распетието.[15] Св Димитрија копјето го префрлил преку рамо, на појасот е закачен меч во корица. Тој е свртен station наназад и погледот го вперил во малиот јавач на сапата на коњот. Всушност, сцената е посветена на едно од посхумните чуда на св. Димитрија - ослободување на александрискиот епископ Кипријан од маченичко

*во времето на Турското владеење,* Институт за национална историја, Скопје 2001. Авторот укажува дека еснафите се главни носители на социјално-економскиот прогрес на борбата за културен и просветен развој на својот народ, почнувајќи од втората половина на XVIII сè до првата половина на XIX век. Меѓу поважните нивни успеси е потиснувањето на употребата на грчкиот јазик во световните училишта и замена со употребата на говорниот македонски јазик.

[10] С. Петковић, *Зидно сликарство на подручју Пећке патријарчије 1557-1604*, Нови Сад, 1965, 67.

[11] Д. Николовски, *Неколку нови дела атрибуирани на работилницата на Маргарит Зограф во прилепскиот крај*, Патримониум.мк, бр.1-2/2007, Скопје 2007, 105.

[12] Ф. Баришић, *Чуда Димитрије Солунског као историјски извор,* САН, Византолошки институт, књ.2, Београд 1953, 136. Miracula II, 6.

[13] В. Поповска-Коробар, *Иконописот во Охрид во XVIII век,* Скопје 2005, 124. Авторката В. Поповска Коробар открива дека тие се сликани од анонимен сликар припадник на т.н. „охридска пробарокна група" која твори во втората половина на XVIII век во југозападниот и северозападниот регион на просторот на денешна Македонија

[14] Иконата е евидентирана со бр.21703, дим: 100 x 63 x 4 см. (В. Поповска-Коробар, *Иконописот во Охрид*, 124)

[15] *Leksikon ikonografije i simbolike zapadnog kršćanstva*, Zagreb 1979, 335.

ропство кај Словените.[16] Според Миракулата II 6, стариот епископ патувал од Александрија за Константинопол, но на патот околу средна Грација е заробен од Словените. По долготрајното и маченичко ропство една ноќ на сон му се прикажал св.Димитрија и го посоветувал да бега. Утредента Кипријан тргнал на пат, а пред него како водич излегол св. Димитрија преоблечен како војник, кој го следел на патот до Солун.[17] Во претставата на иконата епископот Кипријан, стар со седа долга коса и брада е облечен во црна епископска облека, со црвен вкрстен лорос. Рацете му се вкрстени на градите во став на адорација, главата поткрената со поглед вперен во св. Димитрија. Иконографијата на оваа претстава има преносно значење, ослободување на христијаните од иноверната османлиска власт. Фонот на иконата е трибоен, долу зелен, од окер до портокалови ридови, а во левиот агол бело портокалов небесен сегмент. Натписот е словенски, изведен со црвена боја во два реда во висина на ореолот на светителот, **С҃тый Димѝтрїъ**. Ореолот и рацете се покриени со сребрени окови-вотиви. Во долниот лев агол иконата е оштетена. Од истата зографска работилница, многу идентична е претставата на св. Димитрија на коњ, во црквата Св. Богородица, с. Велушино, Битолско, сликана на сино-зелена заднина.[18]

Втората икона сликана од непознат автор од истата охридска сликарска школа, во техниката темпера на штица, е посветена на еден од четворицата големи пророци, *Св. пророк Данил* со сцени од неговото житие (**Сл.2**).[19] Сигнатурата е изведена со црвена боја во висина на ореолот (**С҃пр҃окъ данилъ**). Св. пророк Данил е претставен фронтално во цел раст, под арка (во ковчеже). Млад, со куса коса завртена зад ушите, со фригиска капа на главата. Носи долга црвена туника и над неа куса зелена туника по рабовите украсени со златни ленти. Пророкот е нагрнат со црвена наметка која ја покрива левата рака. Десната рака во висина на градите е отворена нанапред, а во левата држи отворен свиток со натпис во 7 реда: **ѿ тебе горо ѿсечеся каменъ без рѹкъ человечески**, (*се одвои камен од горите без човечки раце*) (Дан.6.17). Станува збор за сцената - пророкот Данил го толкува сонот на царот Набукодоносор (Дан. 2. 31- 45). Натписот на свитокот за каменот



*Сл.1.Св. Димитриј го ослободува епископот Кипријан од ропство, непознат зограф, охридска непознат зограф, охридска пробарокна школа, втора половина на XVIII век*

кој без човечка рака се одронил укажува на Христос зачнат од Светиот Дух, односно тој е старозаветна префигурација за безгрешното зачнување на Богородица. Фонот на горниот дел на иконата е дводелен, долу зелен, горе пустински предел со ниска вегетација и пештера од неговата лева страна. Во долниот дел на иконата во три полиња се изведени сцени од неговото житие. Во првото поле десно е претставен пророкот Данил пред вавилонскиот цар Набукодоносор кој седи на престол пред него. Оваа сцена исто така се донесува на толкувањето на сонот. Во втор план во истото поле се преставени неговите тројца другари Ананиј, Мисаил и Азариј, кои не се поклониле на златниот идол на Набукодоносор во полето Деил. Затоа, по казна биле фрлени во вжарената печка, каде според преданието, ангел го оладил огнот и тие останале неповредени. Оваа нивна состојба исто така укажува на старозаветна префигурација на неповредливоста при породувањето на Богородица која останала девица. Во средишното

---

[16] Ф. Баришић, *Чуда Димитрије Солунског*, 136. Miracula II, 6.

[17] Ф. Баришић, *Чуда Димитрије Солунског, 136.*

[18] В. Поповска-Коробар, *Иконописот во Охрид*, 124, сл. 49.

[19] Иконата е евидентирана со бр.21702. дим.:111,6 x 56,3 x 4,3см.



*Сл.2. Св. пр. Данил и сцени од неговото житие, непознат зограф, охридска пробарокна школа, 1785 год*

поле е претставено паднато дрво и Набукодоносор претворен во животно кое јаде трева, казнет поради неговата лоштотија. А заради пророштвото за падот на Вавилонското царство и доаѓањето на вечното Божје царство, пророкот Данил е фрлен во пештера со седум лавови, сцената е сликана во третото поле. Пророкот Данил останува неповреден. И третата сцена исто така е старозаветна префигурација на Богородица (Дан 6.16).[20] Пророчката (фригиска) капа, ореолот и десната дланка се изведени во сребрен опков. Натпис во долниот лев агол со бела боја **поменѝ г҃ди нашъ сіѣа ѿбще р8феть сап8нѣчіски** 1785., открива дека иконата ја дарувале членовите од сапунџискиот еснаф. Ктиторството е колективно. Вообичаено во тој период зографите сликале според вкусот на дарителите, главно богати трговци, занаетчиски еснафи. Пророштвото на Данил за пропаста на Вавилонското царство алудира на желбите на сапунџискиот еснаф за пропаст на Османлиското царство. Сите занаетчии од ист занает во градот биле организирани во своите организации еснафи.[21]

Од старата сликарска работилница на охридската пробарокна група се и две мали икони сместени во обновената крстилница, Крштевање и Вознаесение Христово. Иконите од „охридска пробарокна група“, биле составена од тројца сликари, од кои двајца се подоминантни. Нивната дејност се следи на територијата на југ во Охрид, во Ресен и Битола, на север во Скопје и Велес.[22] Проучувајќи ги нивните иконографски и стилско ликовни карактеристики, авторката В. Поповска-Коробар истакнува дека овие зографи делата ги темелат на старото уметничко наследство, и сликаат според ликовни предлошки негувани во главниот уметнички центар на територијата на Охридската архиепископија - Охрид.

Кон крајот на XVIII и почетокот на XIX век, во Скопје и околината и во Тетово, оставил значаен број икони *зограф јереј Петар***.** За црквата Св. Димитрија тој изработил неколку икони. Според В. Поповска-Коробар, во стилските карактеристики на неговото творештво забележителни се влијанија од руското сликарство од крајот на XVIII и почеток на XIX век.[23] Тој во цртежот ги нагласува контурите, неговите фигури се корпулентни но без волуминозност. Слика со светли тонови. Негово авторизирано дело во црквата Св. Димитрија е иконата сликана во 1800 година

---

[20] Leksikon ikonografije i simbolike zapadnog krščanstva, 193-195.

[21] А. Матковски, *цит.труд*, 40; 41. Парите од еснафските каси меѓу другото се користени за градење на цркви, училишта, потоа се плаќал свештеникот или учителскиот персонал и слично. За развојот на еснафството (в) С. Димевски, *За развојот на македонската национална мисла до создавањето на ТМОРО,* Скопје 1980, 43. Султанот Мустафа II од 1773 година донесол акт со кој им дал автономија на еснафите изедначувајќи ги во областа на производството муслиманите и христијаните.

[22] В.Поповска-Коробар, *Иконописот во Охрид во XVIII век,* Скопје 2005, 101, 123.

[23] В. Поповска-Коробар, *Икони од Музејот на Македонија,* Скопје 2004, 311. Во музејската збирка се застапени шест икони, од кои две икони припаѓале на црквата Св. Богородица, манастир Матка – 1798 година, една икона припаѓала на црквата Св. Спас, Скопје-1802 и 1813, една од црквата Св. Димитрија – Скопје, 1808 год., една е од непознато потекло и една од црквата Св. Кузман и Дамјан од Кичево, од кр. на XVIII и почеток на XIX век (Т.157-164); А. Василиев, *Български възрожденски майстори, живописци.резбари.строители,* София, 1965, 301, авторот регистрирал една икона од манастирската црква Св. Богородица, во Матка со потпис на зографот Петар Јереј од 1798 г.



*Сл 3-5. Св. Спиридон, 1800 година, и Св. Богородица со Христос, Неверувањето на апостол Тома, крај на XVIII и поч. на XIX век, автор зограф Јереј Петар*

посветена на *Св. Спиридон* (**с͠тыи спирідѡнъ**) (**Сл.3**). Иконата е сместена во ковчеже.[24] Светителот е претставен како архиереј, со долга седа брада и мустаки, очи со нагласени подоклици. Неговиот сакос е сликан со шаховска декорација од црвени и жолти коцки. Зелено маслинестиот омофор е декориран со црни крстови. Со десната рака благословува во левата држи евангелие. Цртежот е нагласен со тенки потези со црна боја. Ореолот и камилавката се кујунџиска изработка од ковано сребро.

Од истиот период може да му се атрибуираат уште две икони. Во крстилницата е сместена уште една икона, дело на јереј Петар посветена на *Св. Богородица со Христос дете во скут,* (**Сл.4**). Иконографски спаѓа во типот крунисување на св. Богородица. Имено, во горните агли на иконата десно и лево од ореолот се сликани ангели кои ја крунисуваат Богородица, сликаниот слој е прекриен со сребрени вотивни опкови. Претставата е изведена под византиско влијание. Богородица носи темно црвен мафорион украсен со жолти декоративни ленти, со ѕвезда на челото и десното рамо, а во темно црвен хитон е претставен и Христос дете. Во истите бои се сликани и туниките на двајцата ангели.

Ореолите, круната и левата дланка на Богородица се кујунџиска изработка. Во црквата Св. Димитрија оваа икона се смета за чудотворна. Иконата не е авторизирана, сепак преставата на малиот Христос и ликовите на двајцата ангели се целосно идентични со преставата на ликовите на св. Ѓорги и св. Димитриј на иконата во збирката на Музеј на РС Македонија, Св. Симеон столпник со светители од 1808 година која и припаѓала на црквата Св. Димитрија, сликана од јереј Петар. Истите ликови се забележителни и во неговото дело Апостол Петар и Павле и светители од 1809 г., непознато потекло во истата галерија.[25] Уште една икона сместена во крстилницата е финансирана од мутавчискиот еснаф / руфет[26] од крај на XVIII и почеток на XIX век, сликана од јереј Петар е евангелска сцена *Неверувањето на апостол Тома* (**Сл.5**).[27] По долниот раб на иконата со словенско писмо е испишан донаторскиот натпис: **помени· г͠ди· р8фетъ· м8такь – чискы·**

Зограф Крсте Поп Трајанович, чие творештво започнува во мијачкиот регион Галичник, Лазарополе и Дебар, во Скопскиот регион го следиме од 1818 до 1824 година. За црквата Св. Димитрија во Скопје ја сликал иконата посветена на Апостолите Петар и Павле, прецизно датирана и авторизирана во 1818 година, донирана од самарџискиот еснаф.[28] Во црквата Св. Димирија е сочувана уште една негова икона, неавторизирана посветена на празникот *Раѓањето на св. Богородица*

[24] Тех.: темпера на штица, со дим. 74,3 x 50 x 2,3 см (рег.бр.21720, нов бр, ЗЗС во 1202)

[25] В. Поповска-Коробар, *Икони од Музејот на Македонија,* 313, (в). Т. 160 и 161;

[26] Мутафџиски занает-ткаење со влакно од козина.

[27] Тех.: темпера на штица, со дим. 75,7 x 49,5 x 5см (рег.бр.21715)

[28] Иконата се наоѓа во збирката на Музеј на Македонија, (В. Поповска Коробар, *Икони од Музејот на Македонија,* 316, Т. 66.)



*Сл.6.Раѓање на Богородица, зограф Крсте Поп Трајанович, 1818-1824 година*



*Сл.6. Св. Богородица Елеуса Кикоска и светители, зограф Крсте од Велес, прва половина на XIX век*

(**Сл.6**).[29] Сигнатурата е словенска испишана на петролеј заднина со црна боја, оштетена на која се чита само ( . . . **прєсвыѧ б҃цы**). Сите карактеристики на стилската изведба и паралели со други икони укажуваат на неговото творештво.[30] Централно е претставена Св. Ана со бела марама на главата, со зелен фустан, покриена со розова покривка, во полулежечки став на кревет, како зад кулиси. Имено, во преден план се два дрвени столба на кои е поставена окер завеса, крената високо. Пред креветот се претставени бабицата и слугинките кои во купел ја бањаат малата Марија. Во заднината е петролеј небо прошарано со бели топчести облаци низ кои пробива портокалова сончева светлина. Авторката Викторија Поповска Коробар, укажува дека за сликарството на К. Поп Трајанович е карактеристичен звучниот колорит, гестакулацијата и движењата на фигурите. Нивните ликови се издолжени, со очи впиени во сиви сенки, издолжени носеви кои завршуваат со бела точка, која задолжително е сликана и на брадата на светителите. На иконите слика мноштво бели облаци во топчести форми, кои ги следиме и на иконите Апостол Петар и Павле (1818), Слегување на Светиот Дух (1818), двете икони Успение на Богородица (1818 и 1819) во збирката на Музеј на РС Македонија. Ликовите на св Ана и помошничките се идентични со претставата на св. Богородица од композицијата „Благовештение", втора деценија на XIX век од црквата Св. Богородица во Дебар.[31] Во десниот агол на зелена основа е испишан донаторскиот натпис: **помѧни г҃ди раба твоєго грєшнаго .............ѿца єго костандина**.

Црквата поседува неавторизирана икона од иконграфскиот тип *Св. Богородица Елеуса Кикоска* (**м҃тръ б҃жіѧ, ѝѐлєѹсаъ кѷккоѵ**) (**Сл.7**). Иако сликаниот слој на иконата е прилично оштетен, според ракописот таа е дело на талентираиот преродбенски *зограф Крсте од Велес*, кој твори во првата половина на XIX век.[32] Св. Богородица е претставена во попрсје, наведната и со брадата нежно го допира образот на младенецот. Таа го држи Христос (**іс хс**) со левата рака под колена-

[29] Нов бр. ЗЗС 1214, дим. 40 x 29 x 3 см.

[30] В. Поповска Коробар, *Икони од Музејот на Македонија,* 316-320. Истата, *Зографите Крсте од Велес и Крсте Поп Трајанович,* Прилози, Одделение за општествени науки, XXXIII 1. МАНУ, Скопје 2002, авторката укажува дека долго време во историјата на уметноста двајцата зографи Крсте од Велес и Крсте Поп Трајанович по грешка биле идентификувани како еден.

[31] В. Поповска Коробар, *Зографите Крсте и Крсте Поп Трајанович од Велес*, 112, сл.10.

[32] Нов бр. ЗЗС 044, дим.:42 x 33 x 2 см.

та, а со десната ја држи под лактот на неговата десна рака. Младенецот е претставен во многу специфична поза, телото му е свртено налево, нозете му се боси до колената, со куса темно црвена туника, главата е свртена фронтално со поглед вперен во текстот на отворениот свиток, кој самиот го држи во десната рака (ΠΝΕνΜ Κ`γ `ΕΠ `ΕΜ`Εγ ΕΙΝΕΚ`ΕΝ „Духот Господен е врз Мене“ (Ис/61,1; Лк.4,18). Неговата лева рака е потпрена на левото рамо на Богородица, гест на емоција од прочитаните пророштва. Св. Богородица е облечена во темносив хитон и портокалов химатион и со свилен превез врз главата. Нејзиниот тажен поглед е вперен кон верниците. Дивергентноста на движењата на мајката и детето, занесени со своите внатрешни емоции, со погледи вперени на различни страни ја содржат основната догма на христијанската вера во месијанската улога на Христос дете, со што не воведува во тематиката на страстите Христови. Овој иконографски тип св. Богородица Елеуса Кикоска,[33] се однесува на темата Умиление споени со Страстите Христови. Богородица е претставена како царица која ангелите ја крунисуваат. Круната е со шпицести завршоци. Од десната страна во цел раст е претставен св. Атанасиј (Ο ΑΓιΟ ΑΤΑΝΣΙΟΣ) а од левата страна св. Никола (Ο ΑΓιΟ ΝΗΚΟΛΟΣ) и во долниот дел се афронтирани св. воини со своите посхумни чуда, св. Димитрија (ΟΑΓιΟ ΔΗΜΗΤ . . ) го убива неверникот (Калојан) и св. Ѓорги (ΟΑΓιΟ ΓΈωΡΓιΟΣ) ја убива ламјата. Сигнатурите се испишани со словенско и грчко писмо, со цинобер на зеленомаслинеста заднина. Врз основа на направени паралели и според стилските особености со една приватна икона Умиление на Богородица и други светители од 1827 година,[34] каде повеќе елементи во сликарството се идентични, круната, ликовите на претставата на св. Никола, светите воини, кои укажуваат дека иконата св. Богородица Кикоска е дело на велешкиот мајстор од првата половина на XIX век зографот Крсте од Велес. Ликовите на св. Никола и св. Ѓорги се идентични и со нивните претстави на иконата Богородица со Христос и светители од триесеттите години на XIX век во збирката на Музеј на Македонија.[35]

На иконата се сите карактеристики на неговиот начин на моделација на очите втопени во сенка, издолжен нос, полна облина на лицето со руменило кај Богородица. Барокно декорираните драпери, како и моделацијата на барокните ореоли, концентричните кругови со сигнатури, сликањето на облаците. Крсте зограф е еден од најплодните зографи во првата половина на XIX век, а негови дела на просторот на Македонија се регистрирани најрано од 1815 – 1835 година. Тој слика под силно светогорско влијание, иако не е познато дали престојувал таму но најверојатно соработувал со светогорски сликари. Во своето творештво користи предлошки од печатени светогорски графики. Се претпоставува дека соработувал и е следбеник на зограф Христо Димитров, основачот на на Самоковската сликарска школа, кој престојувал на Света Гора и поседувал светогорски гравури.[36] По неговите стапки ќе продолжи да твори и неговиот син хаџи Коста (Костадин) Крстев, кој многу пати во натписите го истакнува своето потекло.

Една икона во крстилницата на црквата посветена на рамноапостолските цареви *Св. Констатнтин и Елена*, дело на непознат автор, потекнува

[33] С. Лакалиска, *Ерусалими поклонички икони на платно во Македонија од 1794 до1904*, Каламус, Скопје 2019, 36-37. Авторката укажува дека иконографски прототип на овој епитет Богородица Кикоска традиционално се врзува за Ерусалим и евангалистот Лука, како нејзин автор. Преданието известува дека, од Александрија, каде и припаѓала на првата христијанска општина, при наездата на арапите била пренесена во Константинопол во царскиот дворец. Таа е чудотворна икона и позната по нејзината исцелителна моќ, после чудесното исцеление на ќерката на императорот Алексиј I Комнен. По едно чудно видение императорот направил верна копија и ја зачувал за себе, а иконата ја испратил на островот Кипар. Кипарскиот монах Исаија во знак на благодарност изградил женски манстир во Кикос. Името го добила по манастирот Кикос, каде што се чува и ден денес. Овој иконографскиот тип Кикоска бил пренесен во Русија каде што се развил кон крајот на XVI и XVII век, а правата нејзина копија ја изработил Симон Ушаков во 1668 година. Нејзината популарност и почитување во православниот Исток, се зголемува кога расте популарноста на иконите со чудотворни атрибути на св. Богородица - Богородица Елеуса-Кикоска и Богородица Одигитрија**.** Богородица Елеуса-Кикоска особено се распространила кон крајот на XVIII и првата половина на XIX век. С. Цветковски, *Неколку непознати икони од XVIII век во црквите на охридска дебарца и кичевско,* Патримониум.мк, год.4, бр.9, Скопје 2011, 248.

[34] М. Машниќ, *Прилог кон проучувањето на иконописот од првата половина на XIX век, Икона Умиление на Богородица и други светители,* Монумента, Годишник на истражувачкиот центар на културно наследство „Цветан Гризданов“ при МАНУ, бр.4, Скопје 2019, 381-393, сл.1-4.

[35] В. Поповска Коробар, *Икони од Музејот на Македонија,* 321, Т.174.

[36] В.Поповска-Коробар, *Зографите Крсте од Велес и Крсте Поп Трајанович,* 99. Зограф Христо Димитров во 1810 година целосно ја живописал црквата Успение на Богородица во штипско Ново Село.



*Сл.8. Св.св. Констатнтин и Елена, непознат самоковски автор, 1847 г.*

од 1847 година (**Сл.8**).[37] Првиот христијански цар св. Константин и неговата мајка св. Елена, секогаш се прикажани заедно, со Чесниот крст помеѓу нив, кој според преданието е најден на Голгота во присуство на царица Елена.[38] Десно од крстот стои цар Константин **царъ Константинъ**, со куса кафена брада и долга кадрава коса која се спушта низ рамената. Претставен со инсигниите на неговото царско достоинство, висока круна на главата, скиптар во десната рака. Облечен во резеда долна туника со цветна декорација, врз која носи златен сакос со црвена цветна декорација, златен лорос и син огртач поставен со крзно под брадата закопчан со цветна аграфа. Св. Царица Елена **царица Єлена**, седа старица, носи долг син фустан, врз него куса златна туника, нагрната со црвена со сино поставена наметка, во левата рака држи скиптар.

Тие го придржуваат дрвениот крст на чиј врв е ротолус со почетните букви од титулата : **I.N.B I.** (Исус од Назарет Цар Јудејски). Над крстот е небесен сегмент со силна сончева светлина и околу црвени цветови кои ги надвишуваат светите цареви. Речиси идентична икона среќаваме сликана од непознат автор, а подарена од механчискиот еснаф во 1851 година, поставена на јужниот проскинитариј во црквата Рождесто Богородично во с. Берковица во соседна Бугарија.[39] Авторката И. Гергова смета дека оваа икона и уште четири престолни икони од прекрасниот резбан иконостас, како и царските двери во црквата се сликани во Самоков, каде резбарот Стоичо Фандуков, го подготвувал истиот.

Во крстилницата на црквата Св. Димитрија во Скопје, на дрвениот иконостас од лево кон десно се поставени четири икони, кои ѝ припаѓале на старата црква. Судејќи по стилот на сликањето тие припаѓаат на иста зографска работилница. Така иконата *св. Троица* (1871), *Св. Богородица со Христос*, *Исус Христос Седржител* (1872) и *Св. Јован Претеча* (1872), кои се колетивно дело на *браќата Ванѓел, Никола и Коста Атанасови* од Крушево (втора половина на XIX век). Тие се синови на познатиот Крушевски зограф Атанас. Сликаат заедно, како семејство.[40]

Во небесен амбиент, опкружени со ангелска придружба седат полусвртени еден кон друг Бог Отец и Бог Син, со земјината топка помеѓу нив. Над нив во сјајна мандорла лебди Светиот Дух во облик на гулаб, третото лица на Св. Троица (**Сл.9**).[41] Натписот **С҃тая Троица** е испишан од двете страни на мандорлата. Бог Отец, старец со долга седа коса и брада, со триаголен нимб во кој е впишана “оној кој е” (**ОСЭN**). Со десната рака го благословува Синот, а во левата држи жезло кое на врвот завршува со цветна пупка. Облечен е во зелен хитон, на половината препашан со бел колан, со светлорозов химатион сиво поставен, декориран со златни ленти по рабовите. Босите нозе

[37] Темпера на штица, 111 х 73 х 3 см., рег.бр.21721.

[38] С. Лакалиска, *Царицата Елена промотор на христијанските поклонички патувања и пронаоѓањето на вискинскиот крст,* Патримониум.МК, год.13, бр.18, Скопје 2020, 591-599.

[39] И. Гергова, *Църквата Рождесто Богородично во с. Берковица*, София 2016, 88, 89, 120-121.

[40] Д. Ќорнаков, *Резултати од евиденцијата и стручната документација на спомениците на културата – цркви и манастири во мариовскиот, тиквешкиот и гевгелискиот крај,* Културно наследство X-XI, (1983-84). Културно историско наследство на СР Македонија, Скопје 1987, 163, 165. Нивниот опус сеуште не е поопстојно проучен. Колективно ги авторизирале своите дела во црквите Св. Атанасиј во с, Будур Чифлик, тиквешко, манастир Св. Архангел, с. Бошава, тиквешко. Авторот А. Василиев, *Български възрожденски майстори,* 278-279, посочените места ги сместил во Мариовско.

[41] Иконата Св.Троица сликана во техника темпера на штица, дим.: 94 х 63 х 1,9 см, (рег.бр.21 719).

ги потпрел на круговите, преставници на ангелскиот ред во форма на прстени со крилја, кои го заземаат целиот долен дел од иконата. На десната страна седи Бог Син, Исус Христос, со куса темно кафена брада, на врвот разделена и долга кафена коса која се спушта на рамената. Во неговиот ореол е впишана кратенката „оној кој е" (**ОѠН**). Христос со десната рака благословува, на која од долната страна се гледа рана од клин, го придржува дрвениот крст потпрен на десната нога, а во левата држи затворено евангелие зо златни корици, потпрено на левата нога. Облечен во црвен хитон, на половината препашан со бел колан, декориран со златни ленти, со син химатион зелено поставен и декориран со златни ленти по рабовите.

Босите нозе ги потпрел на круговите, преставници на ангелскиот ред во форма на прстени со крилја, кои го заземаат целиот долен дел од иконата. Помеѓу двете лица на Св. Троица се гледа земјината кугла, над неа стои натпис: **Б҃га насвемъ**. Во врвот на композицијата е преставено третото лице на Св. Троица, бел гулаб кој лебди, ги раширил крилјата, главата ја свртел кон Синот. Тој лебди во силна светлина на мандорлата која е впишана уште во една мандорла од која излегуваат силни зраци, оформувајќи го кругот на „славата". Небеската ангелска свита што ја придружуваат Св. Троица ја сочинуваат херувими, распоредени горе осум и долу пет. Долу врз прстените е испишан авторскиот натпис на браќата *Вангел, Никола, Коста Атанас од Крушево и годината на сликање 1871.*

Иконата *Св. Богородица од типот Одигитрија со Христос дете во раце*, претставени допотпојасно (**Сл.10**).[42] Св. Богородица е облечена во син хитон и црвен со зелено поставен мафорион, по рабовоите опточени со златна декоративна лента. Христос седи на нејзината лева рака, носи бел хитон и црвен химатион. Со десната рака благословува во левата држи затворено евангелие. Ореолите на Богородица и Христос се заопкружени со сив прстен. Ореолот на Богородица е без декорација, а во ореолот на Христос е впишан крст, сенчан со црвена боја, во кој е впишана кратенката„оној кој е" (**ОѠН**). Задницата на иконата во долниот дел е сива, горе преминува е темносина. Во горните агли на иконата во кругови изведени со сив прстен како ореолите, сликан двобојно, десно бел, лево црвен, во нив е сместена сигнатурата Мајка Божја (**М҃Р҃Ъ Б҃ЖІѦ**) а лево до оредолот на Христос дете сигнатурата (І҃С Х҃С).

*Исус Христос Седржител* (**Сл.11**), на иконата сликан во син хитон и црвен химатион со златни



*Сл.9. Св.Троица,темпера на даска, 1871 год., автори Вангел со браќата Никола, Коста и Атанас од Крушево*

флорални прошарувања, по рабовите опточен со златни декоративни ленти.[43] Седи и на колената го потпрел отвореното евангелие, на кое во десет реда е испишан текстот: **А҃зъ ѐсмь свѣтъ міръ ходѧ̀й помиѣ не й матъходйти ботмъ нойматъ свѣтъ живот ный**. („Јас сум Светлината на светот, кој врви по мене, нема да оди во темнина, а ќе има светлина во животот " Јов. 8,12). Во горните агли на иконата изведени исто како на иконите Св. Богородица со Христос дете и Св. Јован Претеча, кругови со сив прстен, манир кој го гледаме и на ореолите, сликан двебојно, десно бел, лево црвен, во нив е сместена сигнатурата (І҃С Х҃С), десно и лево од ореолот со бела боја на сина задница е испишано **све дер жителъ**. Во ореолот на Христос е впишан крст, сенчан со црвена боја, во кој е впишана кратенката "оној кој е" (**ОѠН**). Под десната рака е испишана годината на сликањето 1872.

Икона *Св. Јован Претеча, 1872*, (**Сл.12**) словенска сигнатурата **С҃тый ІѠ Предтѐча**, светителот е претставен фронтално допојасно иконографскиот тип кефалофорос, со портокалов мелот,

[42] Темпера на штица, 95,5 x 67,5 x 2см., рег.бр.21706.

[43] Темпера на штица, е со дим.;96 x 65,5 x 2 см, (рег бр.21 710)



*Сл. 10-12. Св.Богородица со Христос дете, Исус Христос Седржител и св. Јован Претеча, 1872 год., автор Вангел со браќата Никола Коста и Атанас од Крушево*

нагрнат со зелена наметка, зад него се високо подигнати крилја со галабесто бели пердуви.[44] Ликот е строг, со остар поглед, набори на челото. Инкарнатот е сив, сенчан со сивомаслинести тонови, со куса брада, долга кафена коса која се спушта назад низ рамената. Св. Јован Претеча со десната рака во став на благослов, во левата држи гравирана здела со својата отсечена глава, отворен свиток и пророчки стап со крст на врвот. Ликот на Исус Христос и св. Јован Претеча се изработени сосема идентично, само косата на крстителот е изведена поинаку во горниот дел. Формата на очите, веѓите, носот, устата, тенките мустаќи, брадата, се сосема идентични. Инкарнатот е сив со зеленомаслинесто сенчање. Десната рака во став на благослов е изведена во сосема ист манир. Задницата на иконата е изведена идентично со иконата Св. Богородица со Христос дете. На отворениот свиток е запишано: **покайтеса приближи боса царствое небесное**. („Покајте се ближи царството небеско“, Мт.3,2).

Ореолот е изведен идентично со ореолите на иконата Богородица со Христос дете, се заопкружен со сив прстен. Во горните агли на иконата изведени се кругови со сив прстен како ореолите, сликан двобојно, десно бел, лево црвен, во нив е сместена. Оваа претстава се доведува во врска иконографскиот тип *св. Јован Претеча ангел предвесник*. Св. Јован Претеча е последниот пророк во Стариот завет и прв светител во Новиот завет, кој во себе ги спојува ангелскиот и човечкото. Овој иконографски тип секогаш е проследен со текстовите според евангелието на Матеј, кои укажуваат дека Тој всушност е предвесник на човечкото искупување, кој благословува и укажува на жртвата носејќи свиток и својата пресечена глава во патена.[45]

Од творештвото на еден од најеминентните зографи од периодот на преродбата *Никола Михајлов од Крушево* (XIX век) во крстилницата на црквата Св. Димитрија во Скопје се наоѓа негова икона „Св. Никола Чудотворец“.[46] Зограф Никола Михајлов е роден во Крушево во втората или третата деценија на XIX век. Тој е помладиот син на познатиот преродбенски зограф Михаил Анагност од Самарина (Епир). Авторот Антоние Николовски укажува дека Никола е образован врз поуките и угледувањата на творечките резултати на својот татко Михаил, неоспорно талентиран, кој успешно и на достоинствен начин по 1848 година сам го продолжува делото на угледната зографска фамилија Зиси. Со својата мошне плодна работа, која ја следиме од 1842 – 1894 година, зад себе оставил огромно иконописно творештво, затоа тој се легитимира со реноме на осведочен мајстор во одржувањето на традиционализмот во

[44] Темпера на штица, 95 x 60 x 2см, (рег.бр.21709).

[45] С. Ракић, *Иконе Босне и Херцеговине (16–19 вијек)*, 314. На стр. 69 авторката укажува дека најстарата претстава на св. Јован со овој текст е откриен во манастирската црква Св. Пантелејмон, Нерези кај Скопје од втората половина на XII век. Претеча кој како крилат предвесник со текстот повикува на покајание ќе започне често да се слика дури од XVI век, а во XVII век веќе ќе биде сосема усвоен.

[46] Иконата е сликана во техника масло на штица, 36,5 x 27x 2см, (рег.бр.21718).

 

*Сл.13-14. Св. Никола, и Св. Богородица Милостива со светители, автор Никола Михајлов од Крушево*

црковното сликарство во Македонија. Неговото творештво можеме да го следиме на целата територија на Македонија, чиј ликовен израз е впечатлив и стилски препознатлив.[47] На почетокот делата ги сигнира само со грчко, а подоцна и со словенско писмо. Во црквата Св. Димитрија во Скопје од неговото творештво се застапени две икони. Во обете е забележлива неговата тенденција на традиционален облик на изразување, кое сеуште припаѓа кон неговата прва фаза на творештво блиско до неговиот татко Михаил до 1848 година.

Икона посветена на *Св. Никола епископ Мирликиски*, (**Сл.13**) ја сигнира со грчко писмо (ὅ ἅΓιοΣ ΝικολαοΣ, ὀμυρἰων Θανματχρχγὸς). Облечен во епископска облека, со десната рака благословува, во левата држи отворено евангелие со текст на кое со грчко писмо е испишан текст кој се однесува на Христовите зборови за Добриот Пастир: ΕΙΠΕΝ Ο κύριοι προς Τχς έλμλμ Θῴτας προς ἀυτοΝ ἸΧΔΑἸ ΧΣ ἈΜΗΝ ἈΜΗΝ. (рече Господ Јас сум Добриот Пастир, Добриот Пастир си ја положува душата своја за овците Јов.10,11). Ликот ги носи сите карактеристики на светителот, стар, прокелав со високо чело, куса седа брада. Облечен е во богато украсен црвен брокатен сакос декориран со златни цветови, зелено поставен, опточен со златни ленти и скапоцени камења (црвени, сини, зелени) на околувратникот, по долниот раб на ракавите и сакосот. Подризникот е темносин, декориран со златни ленти. Зелено маслинестиот омофор со бели брановидни прошарувања е декориран со црвени крстови. Набедреникот на црвена основа со претстава на херувим, опточен со златни ленти и скапоцени камења (црвени, сини, зелени). Заднината е зелено сина.[48]

Друга икона од зограф Никола Михајлов во црквата Св. Димитрија е иконата *Св. Богородица Милостива со светители*[49] (**Сл.14**). Сигнатурите се словенски, горе во кругови е запишано **МР БЖ**, а во висина на ореолот од десната страна **МИЛѸЮЯЩА**. Прес-

[47] А. Николовски, *Никола Михајлов – последниот потомок од зографската фамилија на Михаил Зиси,* Културно наследство XIV-XV (1987-88), Скопје 1990. Ј. Тричковска, *Делата во Македонија во сликарското семејство на Михаил од Самарина,* одбранета докторска дисертација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"- Скопје, Скопје, 2008.

[48] С. Лакалиска, *Икони од зограф Никола Михајлов на иконостасот во црквата Пророк Св. Илијна с. Митрашинци, Бетовско,* Патримониум.МК, год.15, број 20, Скопје 2022, 350, сл.4. Авторката прави паралела со идентична претстава на ликот на св. Никола, која може да се види во повеќе цркви во Македонија. Веројатно зографот Н. Михајлов користел исти картони. На иконата од иконостасот во црквата Пророк Св. Илија во с. Митрашинци се сликани св. Богородица и Исус Христос кои му ги враќаат инсигниите на достоинството, сл.3.

[49] Дим.46 x 36,5 x2,3см (нов бр. во ЗЗС 1215)

тавата на св. Богородица Милостива со малиот Христос, Никола Михајлов ја сликал во повеќе наврати за повеќе цркви во Македонија. Ликот на Богородица и малиот Христос идентично се сликани на истоимените икони во црквите: Св. Димитрија, с. Зрновци, Кочанско (1849 г.),[50] и црквата Св.Илија с. Блатец, Виничко (1858 г.).[51] На иконата во црквата Св. Димитрија во Скопје во задницата на св. Богородица милостива се сликани по двајца светители од десната и левата страна.

Најеминентниот претставник на македонската преродба во религиозното сликарство во XIX век е *Димитрија Крстевич – Дичо Зограф* (1819-1872 год.). Дичо Зограф со своето импозантно творештво одбележал една епоха. Роден во селото Тресонче. Го усовршувал зографскиот занает кај двајцата, тогаш најдобри зографи Михаил и Димитар (Данил) од Самарина. Неговите почетоци ги следиме од 1826 година, а зенитот на творештво го достигнал во 60-тите години на XIX век. Слика под силно влијание на левантискиот барок во декорацијата и реалистичко третирање на ликовите на светителите со златна палета. Во скопскиот регион за прв пат е ангажиран во периодот од 1845-47 година во повеќе цркви во Скопска Црна Гора: Св. Богородица (Св. Спас), с. Кучевиште; Св. Ѓоргија, с.Бањани; Св. Илија Горни, над с. Бањани; Св. Никита кај с. Горњани). Повторно е повикан во 1850 /51 во црквата во с. Горни Забел, а во 1853 година во црквата Св. Никола, с. Љубанци, во 1854 год. во црквата Св. Спас, с. Црешово, а во 1856/57 година изготвил икони за црквите Св.Троица, с.Чучер, Св. Богородица, с. Забел, Св. Никола, с. Долно Водно, црква Св.Богородица, Скопје, Св. Илија, с. Кадино и во црквата Св. Спас, с. Драчево, Св. Пантелејмон, с. Горно Нерези. Во 1860 година Дичо е поканет да ги слика царските двери на Соборниот храм Света Богородица во Скопје, а слика и во црквата Св.Спас во. с. Драчево.[52] Во периодот кога Дичо Зограф е во зенитот на својот сликарски полет судејќи по прецизно датираната иконата св. Тома од 1860 год., а и по стилските особености во сликањето на уште четири икони, кои се наоѓаат на иконостасот во крстилницата на црквата Св. Димитрија, кои не се авторизирани и недатирани неоспорно потекнуваат од истиот период. Во сликањето употребува злато, неговите бои се чисти и интензивни, иконите се истполнети со мноштво фигури, впечатлива архитектура и пејсаж во задницата на сцените. Иконите најверојатно се сликани во времето на неговиот престој и работа во Скопје во 1860 година, по неговото враќање од Врање.



*Сл.15. Св. апостол Тома, автор Димитрија Крстевич - Дичо Зограф,1860 год.*

*Св. апостол Тома* (**СТЫЙ АПЛЪ ѲѠМА̀**),[53] млад и голобрад, со куса уредна коса која се спушта на челото и на вратот. Носи зелена туника, препашана со портокалов колан, нагрнат со црвена наметка, седи полусвртен налево. Во левата рака држи отворен свиток со текст со црковнословенско писмо, а со показалецот од десната рака покажува кон него. Неговиот поглед е вперен кон верниците. Задницата на иконата е златна, на која во стилот на левантискиот барок со втиснување е изведена геометриска декорација на ореолот. Иконата е прецизно датирана во 1860 год. (**Сл.15**)

На двокатниот иконостас во крстилницата на црквата Св. Димитрија во Скопје, помеѓу иконите од вторта поливина на XVIII век, Вознесение и Крштевање Христово, дела на пробарокната охридска група зографи, се поместени четири икони сликани од Димитрија Крстевич – Дичо Зограф. Тоа се иконите оддесно налево: Св.Богородица

[50] Д. Николовски, *Новооткриени творби на зографот Никола Михаилов во црквата Свети Димитрија во с. Зрновци, Кочанско*, Патримониум. МК, 14 (Скопје 2016), 239-263

[51] А. Николовски, *Никола Михаилов*, 24.

[52] Е. Алексиев, *Дичо Зограф,* „Ѓурѓа", Скопје 1997, 9-10, 13-16, 49-50.

[53] Нов бр. ЗЗС 020, дим.: 44 x 30,5 x 2 см.



*Сл.16. Св. Богородица со светители, автор Димитрија Крстевич - Дичо зограф*



*Сл.17. Св. Богородица живоносен источник, автор Димитрија Крстевич - Дичо зограф*

Живоносен источник – Балаклија, Св Богородица со Христос и светителите св. Стилијан, Св. Никола и св. Јован, Првиот Вселенски Собор и Преполовение со сцени: Мироносници на гробот Христов, Исцелување на раслабениот, Христос и Самарјанката и Исцеление на слепородениот.

Иконата *Св. Богородица со Христос и светители*,[54] (**Сл.16**) е сликана на златна заднина. Иконографски таа ја претставува Богородица царица чија отворена круна декорирана со акантови листови ја придржуваат двајца ангели кои се појавуваат во облаци на небесата. Во ореолот е впишана сигнатурата **М҃ТРЪ Б҃ЖІА**. Богородица носи зелен хитон со златен околувратник и црвен мафориот опшиен со златни ленти со ромбоидна декорација. Во левата рака го држи Христос дете І҃С Х҃С, со десната покажува на него. Христос дете е претставен во бел хитон и црвен химатион. Во левата рака држи отворено евангелие со десната благословува. Зад Богородица се претставени двајца св. војници и маченици (сигнатурите се нечитливи), претставени во долги туники со наметки, во рацете држат копје, крст и палмина гранка. Во долниот дел на иконата се претставени во мали полиња оддесно св. Стилијан, кој во левата рака држи дете во пелени, а со десната благословува. Св. Стилијан е заштитник на децата и бездетни родители, стар прокелав со седа коса и брада, носи темнозелена мантија. На средината е претставен крилатиот св. Јован Крстител од иконографскиот тип кефалофорос со отсечената глава на тацна во левата рака, со десната во став на благослов. Облечен во кафен мелот, нагрнат со темнозелена наметка. Во левиот агол е претставен св. Никола кој со десната рака благословува, а во левата држи затворено евангелие. Врз зелената туника носи црвен химатион од цветно декориран брокат,зелен омофор.

Десно се наоѓа икона со композицијата *Св. Богородица живоносен источник*[55] (**Сл.17**). Централно е претставен базен во форма на крст, полн со вода во кој пливаат пет риби. Во средината се издига двокатна фијала во вид на пехар со широк обод, барокно декориран. Во горниот пехар е претставена св. Богородица Оранта допојасно, во зелен хитон и црвен мафорион со широко отворени раце. Пред неа е претставен Христос дете кој благословува со двете раце. Овој иконографски тип на Богородица произлегол од религиозната книжевност во врска со со-

[54] Нов бр. ЗЗС 1224, дим.: 47 х34 х 2,5 см.

[55] Нов бр. ЗЗС 1223, дим.: 47 х34 х 2,5 см.



*Сл.18. Првиот Вселенски Собор, автор Димитрија Крстевич - Дичо зограф*

единувањето на Богородичниот култ и култот на чудотворната исцелителна вода, составена врз основа на древните легенди кои во XIV век книжевно ги вообличил Никифор Калист Ксантопулос. Култот на Богородица во Византија најмногу се негувал во нејзината престолнина Константинопол, преставен на средината на иконата со своите импозантни градби, тврдина, пристаниште со бродови. Потеклото на мотивот се поврзува исто така со овој град и преданието со исцелителната вода во која на чуден начин, се појавила во исушените бари, пред војникот Леон (подоцна цар византиски) и исцелението на слепиот. Во знак на благодарност кон св. Богородица, а во врска со чудесните исцелувања на ова место во средината на V век бил подигнат манастир наречен "Св. Богородица живоносен источник" односно Ζωοδόχος Πηγὴ. Оваа иконографија се доведува во врска христијанското верување за чудата на св. Богородица, која ги извршила по нејзиното Успение, како доказ дека таа не го заборавила човештвото. Оваа иконографија е позната и под називот Балаклија (тур. риба), што се доведува во врска со историскиот пад на Константинопол под Турците во 1453 година и легендата за свештеникот од црквата "Св. Богородица живоносен источник" кој со неверување ја примил веста за падот на Константинопол додека печел риби – „ќе поверувам кога овие риби ќе оживеат".[56] Во горниот дел на иконата десно и лево во сегмент на облаци се двајца ангели кои држат свери и развиени свитоци со текст. На средината е претставен Константинопол со сите свои убавини и неговата околина. Зад фонтаната десно и лево се поставени од десната царот Леон и царицата Теофана во придружба на војници, од левата страна стојат свештеник и монаси. Зад нив војникот Леон го води слепиот. Пред фонтаната младичи во куси туники со вода исцелуваат болни, а лево свештеник исцелува бебе во рацете на мајка. Сигнатурите не се читливи. Паралела на оваа икона со мали разлики наоѓаме на икона во Соборниот храм Св. Троица во Врање од 1860 година и икона црквата Св. Троица во Куманово, денес во галеријата во Соборниот храм Св. Никола во Куманово од 1860 година.[57]

Од левата страна на иконостасот е поставена иконата *Првиот Вселенски собор*[58] (**Сл.18**). Централно во просторија во заднина со архитектонски елементи и завеси, на голем барокно декориран престол седи византискиот император Константин, кој во 325 година го свикал Првиот Вселенски собор во Никеја. Императорот е штитен од двајца војници во полна опрема. На Соборот присуствувале голем број црковни великодостојници, седнати на клупи со високи барокни наслони. Во заднината стојат монаси со монашко расо. Тогаш биле донесени 20 канони, востановен е Симболот на верата итн, кои ги запишува писарот на долг свиток, претставен на средината на иконата. Соборот бил свикан заради еретичкото учење на Ариј, кое било отфрлено, а тој бил осуден. Со него во физички конфликт влегол мирликискиот епископ Никола, удирајќи му шлаканица на Ариј додека тој беседел на говорницата. Поради тој чин Никола е затворен и му биле одземени инсигниите на достоинството. Во долниот лев агол на иконата, Дичо зограф го доловил историскиот настан, каде

[56] С. Лакалиска, *Ерусалими поклонички икони на платно во Македонија од 1794 до 1904*, 45-47.

[57] A. Davidov Temerinski, *Byzabce encore vivante la palette d'or de Dičo zograf, Les icons de l'église cathédrale de la Sainte Trinité a Vranje*, catalog, Beograd 2002, 60-61, cat. 20. В. Поповска-Коробар, Ј. Зисовска, *Икони од Кумановско во црквата Св. Никола во Куманово,* Куманово 2000, 32, кат. 26.; С. Крстиќ, *Цркви и манастири во Жеглигово*, Куманово 2021, 257, сл. 20.

[58] Нов бр. ЗЗС 1225, Дим.: 47 x34 x 2,5 см.

св. Никола ја кренал десната рака, а со левата го држи Арij за рамото, кој пред него малку поднаведнат се свртил назад. На настанот присуствува група народ. Доминираат златна, црвена, зелена и сина боја. Сигнатурата не е читлива.

Икона посветена на празникот *Преполовение*[59] е четвртата икона на Дичо Зограф на овој иконостас (**Сл.19**). Преполовение спаѓа во подвижните празници, на средината помеѓу големите празници Воскресение Христово / Велигден и Духовден/ Св. Троица. Секогаш паѓа во среда и означува половина од Педесетница, затоа е познат како Преполовение на празникот. Во централното поле е претставен дванаесет-годишниот Христос седнат на висок престол во Еврејскиот храм и ги поучува книжниците и фарисеите, а од левата страна на настанот присуствуваат Богородица и Јосиф (Лк,2.46).[60] Христос пристигнал во храмот за прославата на еврејскиот празник Скинија(Јн,7,16). На прашањето како може тој да поучува за Светото писмо тој им одговорил: *„Моето учење не е Мое, туку на Него што ме испрати“*(Јн 7, 16). Оваа престава всушност симболично укажува дека Новиот Завет го заменува Стариот. Прикажана е внатрешноста на храмот декориран во црвена и зелена боја. Црвената боја го симболизира Воскресението Христово, а зелената ја симболизира обновата на животот. Во горниот десен агол е сликана сцената, Мироносници на гробот Христов. Мироносниците пристигаат со миро во рацете и го наоѓаат отворениот и празен саркофаг, донего ангелот кој го објавува Воскресението Христово (Мт.28,2; Мк.16.1; Лк.24,2; Јн.20,2).[61] Бидејќи празникот Преполовение се доведува во врска со опуштените и Самарјаните во останатите агли на иконата се сликани сцени посветени на нив. Во долниот десен агол на иконата е претставен разговорот на Христос со Самарјанката. Христос седи на камен, на средината е бунарот, од левата страна Самарјанката, а зад бунарот се апостолите (Јн.4,7).[62] Станува збор за духовниот препород на Самарјанката кај бунарот со вода. Во горниот лев агол е сликана сцената Исцелување на раслабениот. Ангел се спушта врз базен и ја разматува водата. Пред базенот во полулежечка положба е претставен раслабениот. Од левата страна приоѓаат Христос и апостолите и благословуваат (Јн.5,2-9).[63] Во долниот лев агол



*Сл.19 Празник - Преполовение,*
*автор Димитрија Крстевич - Дичо зограф*

е претставена сцената Христос го исцелува слепородениот. На улица слепородениот стои пред Христос кој со десната рака го допира за окото, во позадина се апостолите (Јн.9,1-14).[64] Сцените се доведуваат во врска со исцелителните води на изворот / бањата Силоам / испратен (Ис.12,3), односно за симболичното значење на целокупната претстава во оваа икона која се доведува во врска на доаѓањето на Месијата кого Отецот го испраќа да го спаси светот.

Во крстилницата на црквата Св. Димитриј во Скопје се наоѓа икона „*Св. Стилијан детепазител*“. Иконата е дело на познатиот преродбенски *зограф Хаџи Косте (Костадин) Крстев*, од Велес (XIX век). Хаџи Косте е син на познатиот зограф од Велес, Крсте.[65] Костадин Крстев е единствен меѓу зографите кој бил на поклонение на Светиот гроб во Ерусалим.[66] Неговото творештво може да се следи од 1847-1885 година. Тој е прв фотограф

[59] Нов бр. ЗЗС 1227.

[60] М. Медић, *Стари сликарски приручници,* 263 (218) 10.

[61] Истото, 307 (307) 99.

[62] Истото, 267 (226) 18.

[63] Истото, 277 (249) 41.

[64] Истото, 287 (274) 66.

[65] В.Поповска –Коробар, *Икони од Музејот на Македонија,* Скопје, 2004, 328.

[66] К. Балабанов, *Галерија на икони* II изд. Завод за заштита на спомениците на културата и Народен музеј Штип, Штип 1988, 34.



*Сл.20. Св. Стилијан, автор зограф Хаџи Косте (Костадин) Крстев*



*Сл.21. Св.Богородица Елеуса Кикоска и тројца св. Ерарси, автор зограф Хаџи Косте (Костадин) Крстев*

меѓу зографите.[67] Оставил многубројни дела во цркви во Македонија, а сликал и во црквите на Рашко-призренската епархија.[68]

На иконата *Св. Стилијан Чудотворец*,[69] стои фронтално, со поглед свртен надесно (**Сл.20**). Тој е стар со куса седа коса и долга густа брада, носи црвен хитон и син химатион на рамената борд украсен со бели крстови. Инкарнатот е изведен со окер и сиви сенки, нагласени подочници со крупни очи. Напред се спушта окер епитрахил украсен со бел голготски крст. Со десната рака благословува а во левата држи бебе завиткано во пелени. Дланките, ореолот и пелените на бебето се изработени од сребрен лим/ вотиви. Свети Стлијан Пафлагонецот, е монах подвижник, тој е познат чудотворец и според преданието особено ги помагал болните деца и затоа е познат како – детепазител (се слави на 26 ноември).

Уште една икона која припаѓа на неговиот опус е иконографскиот тип *Св. Богородица Елеуса-Кикоска и тројцата Ерарси*,[70] (**Сл.21**). Св. Богородица е претставена во попрсје, наведната и со брадата нежно го допира образот на младенецот. Богородица го држи Христос со левата рака под колената, а со десната ја држи под лактот на Неговата десна рака. Младенецот е претставен во многу специфична поза, телото му е свртено налево, со долга златна туника, (детаљ со кој отстапува од вообичаената иконографија, каде се слика со куса туника и боси нозе). Главата е свртена фронтално со поглед вперен во текстот на отворениот свиток, кој самиот го држи во десната рака

[67] А. Николовски, *Уметноста на XIX век во Македонија* (Извод од студија), Студии за доцно-византискиот и периодот на преродбата (XIX век) во уметноста на Македонија, Скопје 2010, 314. Тој поседувал и печат со натписот "Хаџи Косте зуграф и фотограф",што се среќава на опачината на иконите. B. Petkovski, *La photographie en Macédonoine dans les années vingt et trente. De L'Unification à l'éclatement l'espace Yougoslave, un siècle d'histoire, Musée d'histoire contemporaine – BDIC,* Paris 1998, 278-279. Авторот истакнува дека само 15 години по официјалниот почеток на фотографијата, едно лице од Балканот (загубен и одвоен од останата Европа), веќе успеало да стане фотограф.

[68] И. Женарју-Рајовић, *Иконостас хаџи Костадина Крстева у цркви Светог архангела Гаврила у Великом Ропотову код Гњилана*, Патримониум.МК. год.12. бр.17, Скопје 2019, 271-288.

[69] Иконата е сликана во мешана техника, 34,5 x 26 x 2 cм ( рег.бр.21717).

[70] Нов бр. ЗЗС 045, дим. 39 x 26,5 x 2 см.

(**д8хь господенъ на мѣ**), според пророштвото на Исаија и кај евангелистот Лука, „Духот Господов е врз Мене“, (Ис.61,1, Лк.4,18). Неговата лева рака е потпрена на левото рамо на Богородица, гест на емоција од прочитаните пророштва. Св. Богородица е облечена во златен хитон и зелен химатион и со свилен превез врз главата, и круна придржувана од два ангела.. Нејзиниот тажен поглед е вперен кон набљудувачот. Во долниот дел се претставени тројцата св. ерарси (**Трїєха Їєарха**) Василиј Велики (**Васїлїа Велїк**), Јован Златоуст (**Їванъ Злат.**) и Григориј Богослов (**Грїгорїа Богс.**), сите претставени во цел раст со епископски облеки. Доминира златната боја во облеката, црвена и зелена. Заднината е дводелна, долу сина и во горниот дел златна.

За биографијата на зографот *Јаков Мауровски* нема многу податоци, според авторот Асен Василиев тој потекнува од семејството Мауровци од Галичник. Скудни се пишувани извори за нив. Не е познато татковото име. Василиев ги спомнува и неговите браќа Коста и Нестор. Не се познати нивните дела. Зограф Јаков Мауровски. во 70-тите години на XIX век сликал икони и фрески во цркви во Бугарија: Во селото Зриево, Гоце Делчевско ги сликал ѕидовите со фрескоживопис: Страшен суд во 1871. Икони за црквата с. Дивли, Радомирско, во Бугарија: (Григориј Богослов, Богородица, со натпис: ãков Дебралиä † Галичникß.1874, 12 ноември, потоа Василиј и Јован Златоуст).

Василиев известува дека црквата Св. Димитрија во Скопје поседува икона посветена на патронот *Св. Димитрија*,[71] авторизирана од *зографот од Галичник, Јаков Мауровски* „1884 **лето: марта**: 15 : **де : р: к : Ӕковь ѿ Галичник** . . .“[72] (**Сл.22**). Во останатото на натписот кој е изведен со бела боја на долниот десен агол во шест реда прилично оштетен, може да се чита име во третиот ред **сонап** . . . **надежъ: Коста шрганж** . . . во последниот ред се чита **сл8ши епитроп** . . . 1884 година. Рамката на иконата, ореолот на св. Димитрија, левата дланка и ко пјето се кујунџиска изработка. Светителот е претставен како воин облечен во панцир со маскирна декорација, јава на црвен коњ. Заднината е дводелна, долу петролеј. Небесниот коњаник е осенет од сончева светлина.

Во крстилницата на Црквата Св. Димитриј во Скопје се наоѓа икона посветена на сесловенските просветители „Св. Кирил и Методиј“ дело на пребродбенскиот *зограф Јосиф Радев Мажовски од*



*Сл. 22. Св. Димитрија Солунски, 1884 г., автор Јаков Мауровски*

*Лазарополе* (1830-1910). Јосиф потекнува од зографско семејство. Татко му Радул Кузманов Мажовски и браќата Јаков и Исаија се занимавале со зографство. Јосиф е фрескописец и иконописец. Подобро се снаоѓа во иконописот, суптилно ги сенча и правилно ги моделира ликовите. Декоративните елементи грижливо ги изработува. Неговиот опус можеме да го следиме од 1878 година.[73]

[71] Нов бр. на ЗЗС 048, дим. 44 x 32 см.

[72] А. Василиев, *Български възрожденски майстори . живописци, резбари, строители,* Нука и искуство, София, 1965,225-226.

[73] Ј. Чокревска-Филип, *Зографите Радеви Маџовски од Лазарополе-стилско-ликовни и иконографски одлики*, Прилози XL 2, Одделение за општествени науки, МАНУ, Скоје 2009, 104. Авторката укажува дека тој ги збогатува старите теми со западноевропски ликовни елементи, слика старозаветни теми заради нивната симболично-алегориско значење и дидактички цели. Слика мариолошки теми од кои најомилени му се „Богородица извор на животот“ и „Богородица покров“. Вообичаено слика заедно со неговиот брат Јаков. Слика во црквите Св. Петка во Лисолај, Св. Атанасиј Александриски, с. Беранци, Св. Ѓорѓи, с. Олевени, Св. Никола во Теарци, црквата Св. Илија, с. Никуљање, Кумановско и др. Сесловенските просветители се негова омилена иконографија, тој ги сликал во повеќе цркви во Македонија се до втората деценија на XX век.(стр,105. Ф.13). За црквата Св.Никола во с. Сопотско во 1896 (стр.117, сл.11) година насликал икона Св.Кирил и Методиј, идентична на иконата во црквата Св. Димитрија во Скопје.



*Сл.23. Св. Кирил и Методиј, 1898 год., автор Јосиф Радев Мажовски*

Икона посветена на сесловенските просветители и рамноапостоли *Св. Кирил и Св.Методиј*[74] (**Сл.23**), е прецизно датирана, март 1898 год. Сигнатурата е словенска испишана во медаљони во горните агли на иконата: **С҃тъ̀ій МеѲдіа** и **С҃тъ̀ій Кѝрилаъ**, од десната страна уништен натпис, а од левата҆ **просветителы**҅. Словенските просветители се предадени во цел раст, во архиерејски облеки, со митра на главата. Обајцата се претставени идентично, разликата е во бојата на косата и брадата со која зографот ја одредил нивната возраст. Св. Кирил е помлад со кафена коса и брада, а св. Методиј сед. Св. Кирил носи зелен фелон и црвен сакос, со црвен омофор и надбедреник. Сите делови на облеката се декорирани со флорални и геометриски мотиви. Св. Методој носи црвен фелон и зелен сакос, зелен омофор, и надбедреник. Св. Кирил, творецот на глаголската азбука, во левата рака држи отворен свиток со испишани букви од кирилицата, а во десната престолен крст високо кренат. Св. Методиј, со десната рака благословува и под лактот го држи епископското жезло, а во левата рака држи отворено евангелие, со текст според евангелисото Јован, првиот текст што го преведил на словенски јазик со глаголско писмо. Текстот испишан со кирилица старословенска редакција во 12 реда (нечитлив): *„Во почетокот беше Словото и Словото беше во Бога и Бог беше Словото, Тоа во почетокот беше во Бога. Се стана преку Него и без Него ништо не стана, што стана“* (Јов.1.1-3).

Просветителите стојат во простор поплочен со црвени мермерни плочки, кој зафаќа до средината на иконата, а над нив започнува небесно синило прошарено со бело-сиви облаци. На средината во небесен сегмент Исус Христос претставен во допојасје со двете раце ги благословува. Во ореолот на Христос е впишан крст, гравиран со црвена боја, во кој е впишана кратенката “ оној кој е“(**ОѠН**). Долу, помеѓу просветителите е испишана датата на завршувањето на иконата 1898. **мартъ.2.и** . Под нозете на Св Кирил е авторскиот запис: **из р8ки живопѝсеца ІѾсифа раде ѝкр8жїе дiбарско Ѿ село Лазарополе**. Под нозете на Методиј е донаторскиот запис: **приложи Стоимир Млинаръ**.

После неуспешните децениски обиди да се добие ферман за изградба на нова црква, која од 1872 година била под јурисдикција на Бугарската егзархија, првиот градоначалник на Скопје, Халид Асим издејствувал дозвола. Малата црква била урната во 1890 година.[75] Темелите ги осветил големиот македонски син и борец за обнова на неканонски укинатата Охридска архиепископија во 1767 година, актуелен Скопски митрополит на Бугарската егзархија, Теодосиј Гологанов.[76] На старото место во периодот од 1890/96 година, ја изградил познатиот преродбенски градител Даме Андреев. За црковниот мобилијар исто така се погрижил Даме и неговиот братучед Наце Андреев.[77]

---

74 Темпера на штица, 60 x 30,4 x 3см, автор Јосиф Радев(иќ) 1898 год., рег.бр.21716.

75 С. Асим, *Историја на Скопје и неговата околина*, превод и коментари д-р Д. Ѓоргиев, Музеј на град Скопје 2005,43. За сите урбанистички и културни придобивки на градот Скопје во времето на градоначалникот Салих Асим (в) С. Христова, Т. Ѓорѓиовска, О. Цартовска-Тачевска, *Скопје виа Солун*, Музеј на град Скопје 2020, 40-41.

76 С. Димевски, *Митрополит скопски Теодосиј* - живот и дејност- (1846-1926), Ед. Од нашето историско минато, Култура, Скопје, 1965, 77; З. Богдановска, *Скопскиот митрополит Теодосиј Гологанов (1846-1926) по повод 160 години од неговото раѓање и 80 години од неговата смрт*, каталог, Музеј на град Скопје, 2006, 6. С. Димевски, Историја на Македонската православна црква, Скопје 1989, 565-567.

77 М.С. Филиповић, *Неимари цркве Св.Богородице у Скопљу,* Прошлост рода Зографских у Велесу, Спо-

Во 1897 година фреско живописувањето и иконописот му биле доверени на последниот и најплоден македонски зограф од крајот на XIX-от и првата половина на XX-от век, Димитрија Андонов Папрадишки. Неговото творештво во црквата со прекини се одвивало од 1897 до 1939 година.[78] Во големата природна стихија на 26 јули во 1963 година, катастрофалниот земјотрес во Скопје, трајно е изгубен фреско жоивописот изведен од Димитрија Андонов, поради што се пристапило кон повторно живописување. За таа цел бил ангажиран Крсте Рафев Колоски од Лазарополе искусен зограф продолжувач на традицијата.[79]

Во 1967 година црквата повторно добива статус на митрополитска црква на Скопската епархија, но овојпат на обновената Охридска архиепископија во лицето на Македонската православна црква.[80] Исто како во 1835 година кога е изградена големата црква Св. Богородица, така и во 1990 година со градењето црквата Св. Климент Охридски, црквата Св. Димитрија повторно ја губи улогата катедрална црква на Скопската митрополија.

меница православног храма Св. Богородице у Скопљу 1835-1935, Скопље 1935, 306, (големата тајфа на Андрееви ја сочинивале градители, ѕидари, клесари, сликари, копаничари и останати занаетчии потребни за изградбата и внатрешното уредување и опремување на православните храмови, дејности за кои всушност биле и самите обучени).

[78] А. Николовски, *Македонските зографи од крајот на XIX век и почеток на XX век, Андонов, Зографски и Вангеловиќ*, Републички завод за заштита на спомениците на културата-Скопје, Скопје 1984, 63.

[79] Р. П Колоски, *Лазароските зографи*, (необјавени документи, икони и записи од тефтерите на лазароските зографи), Фокус Принт, Скопје, 2014, 172-

[80] А. Трајановски, *Возобновување на Охридската архиепископија како Македонска православна црква и нејзиниот шематизам*, Скопје 2008, 286.

Sneška LAKALISKA

# THE CHURCH OF THE HOLY MARTYR DEMETRIUS IN SKOPJE FROM 1727 – 1890

*Summary*

The history of this small, yet significant church can be followed from the 3rd decade of the 18th century i.e., from 1727 till present days. It was built during a period when Skopje was under the Ottoman political rule and the spiritual authority of the Patriarchate of Peć. The Holy martyr and warrior Demetrius of Thessalonica was selected as a patron of this church, which represents a reflection of the time and the popularity of the holy warriors – protectors of the Christian population. From its first mentioning in the written sources starting in 1727 till 1766, the church is referred to as a Cathedral church of the Metropolitanate of Skopje within the frames of the Patriarchate of Peć. However, following 1737 when the Patriarch of Peć immigrated in the lands beyond the Danube river, the Serbian priests in this region were gradually replaced by Greek ones. During the years of the large Pan-Hellenic politic throughout the churches in the Balkans, aimed at the replacement of the Slavic language with the Greek one, the Cathedral church of the Metropolitanate of Skopje was under the leadership of the Greek Metropolitan Constantine. He was one of the signatories in favor for the abolition of the Patriarchate of Peć in 1766. The Cathedral church of St. Demetrius underwent direct transfer under the jurisdiction of the Patriarchate of Constantinople and it remained in this position until the consecration of the new Metropolitanate church of the Holy Virgin in 1835.

Judging by the period during which it was built, it was a small church, according to the French travel writer Ami **Boué** in 1836/38. Its exterior appearance can be presumed by analogies from the historical period and the masonry opus used in the territory under the jurisdiction of the Patriarchate of Peć. The history of this church can be traced back through relevant written facts. The inscription on the bestowed Evangelion, a gift from the Patriarch of Peć Arsenious IV from 22nd of July 1727 is considered the lowest time determinant. Other written data referring to the metropolitans of Skopje, donors of ecclesiastical objects, guild associations etc., also originate from the same period. The censers which were gifted by the church`s helpers Stephen in 1744 and Nicholas Kavtanđi in 1764, an icon from the soap guild association dedicated to the "Prophet Daniil" from 1785, an icon dedicated to "Thomas's Unbelief" gifted by the textile guild association from the end of the 18th and the beginning of the 19th century, as well as the decorative plate offered by the donor Jorgaki Hađi Janakiev in 1811, are just a few from the precisely dated ecclesiastical objects belonging to this church.

The church possessed a rich fund of icons which are currently kept in the new church. These icons were painted by several icon-painters during the second half of the 18th century, members of the "Pro-Baroque group of Ohrid", as well as by a large number of unidentified, yet important authors who marked the national reformation in the art of the 19th century. Among these painters are: the priest Peter, Krste Pop Trajanović, zograph Krste from the town of Veles, the brothers Vangel, Nicholas and Kosta Atanasovski from the town of Kruševo, Nicholas Mihajlov from Kruševo, Hađi Kosta (Kostadin) Krstev from Veles, Jacob Maurovski from the village of Galičnik, Dimitrija Krstević – Dičo Zograph from the village of Tresonče - region of Debar, Joseph Radev Mažovski from the village of Lazaropole etc. The church also possesses a large number of unauthorized icons, as well as pilgrims` icons brought back from the pilgrimage in the Holy Land originating from the second half of the 19th century, examples of the creative work of the Palestinian Orthodox zographs belonging to the Jerusalem`s painting school, also known as the Melchite icons. This church has two icons and a lavishly embroidered shroud from 1875, originating from the distant 19th century Russia.